# Државен инспекторат за техничка инспекција

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА

**Скопје, Мај 2021 година**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20)), директорот на Државниот инспекторат за техничка инспекција донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА

### Член 1

Во Правилникот за систематизација на работните места во Државниот инспекторат за техничка инспекција (број 01-285/1 од 07.02.2020 година), во глава IV.ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА наслов 1.1. Одделение за инспекциски надзор над експлоатација на минерални суровини и геолошки истражувања за регион ШТИП со градовите: Берово, Валандово, Виница, Гевгелија, Делчево, Кочани, Пробиштип, Радовиш, Свети Николе и Струмица, редниот број 9 со шифра УПР 0101 В04 000 и со Назив на работно место „Помлад соработник за вршење на административни работи во областа на минерални суровини и геолошки истражувања" се брише

### Член 2

Во глава IV.ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА наслов 1.3 Одделенеие за инспекциски надзор над експлоатација на минерални суровини и геолошки истражувања за регион ТЕТОВО со градовите: Гостивар, Дебар, Кичево, Македонски Брод, Охрид и Струга, редниот број 15 со шифра УПР 0101 В04 000 и со назив на работно место: „Помлад соработник за административни работи во областа на експлоатацијата на минерални суровини и геолошки истражувања" се брише.

### Член 3

Во глава IV.ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА наслов 1.3 Одделение за инспекциски надзор на опрема под притисок, редниот број 21 со шифра УПР 0101 В04 000 и со назив на работно место: „Помлад соработник за административни работи во областа опрема под притисок" се брише.

**Член 4**

Во глава IV.ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА наслов 3.2 Одделение за општи работи по редниот број 37 се додава нов реден број 37 А кој гласи:

| **3. Сектор за правно-административни и општи работи** | |
|---|---|
| **3.2. Одделение за општи работи** | |
| **Реден број** | 37 А |
| **Шифра** | УПР 0101 Г01 000 |
| **Ниво** | Г01 |
| **Звање** | Помлад референт |
| **Назив на работно место** | Помлад референт за одржување на возен парк |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение |
| **Вид на образование** | вишо/средно образование (машинско, електротехничко, гимназија) |
| **Други посебни услови** | - возачка дозвола „Б“ категорија |
| **Работни цели** | обезбедување грижа за техничка исправност на возилата и превоз на вработените |
| **Работни задачи и обврски** | - се грижи за редовно сервисирање на возилата на Инспекторатот;<br>- се грижи за исправноста, хигиената, алатот, резервните делови и опремата на возилата;<br>- врши превоз за службени потреби на вработените во Инспекторатот и врши достава на итни пратки во градот Скопје;<br>- води евиденција за поминати километри на возилата во сопственост на Инспекторатот;<br>- се грижи за регистрација на возилата и поднесува барања за навремено регистрирање и осигурување на истите;<br>- води евиденција за извршените услуги со возилото;<br>- води евиденција за потрошувачката на гориво и масло на возилата и доставува месечен Извештај;<br>- Водење на постапки за штети и осигурителни полиси по однос на оштетени возила на ДИТИ во сообраќајни несреќи<br>- води евиденција на возила и врши задолжување на озила на вработените во сопственост на инспекторатот<br>-соработува со другите административни службеници во Инспекторатот. |

**Член 5**

**Во глава IV.ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА наслов 3.2 Одделение за општи работи по редниот број 37 се додава нов реден број 37 Б кој гласи:**

| **3. Сектор за правно-административни и општи работи** | |
|---|---|
| **3.2. Одделение за општи работи** | |
| **Реден број** | 37 Б |
| **Шифра** | УПР 0405 А02 004 |
| **Ниво** | А02 |
| **Звање** | Координатор на достава-Курир |
| **Назив на работно место** | Курир |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение |
| **Вид на образование** | средно образование (гимназија) |
| **Други посебни услови** | - возачка дозвола „Б“ категорија |
| **Работни цели** | Вршење работи и задачи кои се однесуваат на административнотехничка поддршка во функција на навремено и ефикасно функционирање на Инспекторатот, а пред се во остварување на ажурна достава и прием на писмена |
| **Работни задачи и обврски** | - врши подигање на пошта<br>- врши предавање на пошта на овластен работник;<br>- ги прима предметите за експедиција и ги предава на пошта;<br>- врши достава на писмена и други акти до надлежни институции;<br>- води евиденција на извршена и примена достава;<br>- се грижи за исправноста на возилото со кое е задолжен, за хигиената во возилото, за алатот, резервните делови и опремата на возилото, води грижа за регистрацијата на возилото и води евиденција за извршените услуги со возилото и за неговата потрошувачка на гориво и масло |

**Член 6**

**Во глава IV.ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА наслов 4** Одделение за финансиски прашања по редниот број 40 се додава нов реден број 40 А кој гласи:

| **3. Сектор за правно-административни и општи работи** | |
|---|---|
| **3.2. Одделение за општи работи** | |
| **Реден број** | 40 А |
| **Шифра** | УПР 01 01 В04 000 |
| **Ниво** | В04 |
| **Звање** | Помлад соработник |
| **Назив на работно место** | Помлад соработник за координација и следење на реализација на јавни набавки |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение |
| **Вид на образование** | Економски науки, Правни науки, |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | - Вршење работи и задачи што се однесуваат на постапките за јавни набавки |
| **Работни задачи и обврски** | - Врши подготовка и следење на примената на интерни акти/процедури за јавни набавки, врши координација на потребите за јавни набавки во Инспекторатот, го изработува и го следи извршувањето на годишниот план за јавни набавки,<br>-Ја зготвува одлуката за јавна набавка и тендерската документација, навремено ги обезбедува сите потребни одобрувања за спроведување на постапката за набавки согласно одредбите од Законот за јавни набавки,<br>- Го објавува огласот за јавна набавка, ја осветува комисијата при спроведување на постапката за доделување на договор за јавна набавка,<br>- Задолжително учествува како член на комисијата за јавна набавка со проценета вредност над 130.000 евра во денарска противвредност за стоки и услуги и над 4.000.000 евра за работи; ги подготвува потребните акти врз основа на извештајот од спроведена постапка; подготвува договори за јавни набавки,<br>- Ги ажурира податоците кои согласно Законот за јавни набавки се доставуаат во ЕСЈН, објавува негативна референца во ЕСЈН согласно условте од Законот за јавни набавки,<br>- Дава насоки и упатства на договорниот орган во врска со постапување во жалбената постапка во соработка со комисијата за јавна набавка, |

| | |
|---|---|
| | - Води евиденции на јавните набавки што се вршат во Инспекторатот по видови на постапки и евиденции на другите набавки по видови; ја следи и применува законската регулатива од областа на јавните набавки,<br>- Врши стручна обработка на прашања кои се од значење за примената на одредбите од Законот за јавни набавки; изготвува анализи, извештаи, информации и планови од областа на јавните набавки, врши аналитичка обработка на податоци заради утврдување на приоритети и понатамошно постапување; врши други работи согласно Законот за јавни набавки, ја следи реализацијата на договорите за јавни набавки,<br>-Учествува во работата на комисии и други работни тела формирани со решение на директорот на Инспекторатот |

**Член 7**

**Во глава IV.ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА наслов 4.** Одделение за финансиски прашања работното место со реден број 39, шифра УПР 0101 В01 000, Назив на работно место: Советник за вршење на финансиски работи во делот Работни задачи и обврски, работната задача „врши подготовка на интерни акти/процедури за јавни набавки“ се брише.

**Член 8**

Согласно извршените изменувања на интегрираниот текст на Правилникот за систематизација на работните места во Државниот инспекторат за техничка инспекција се вршат измени во табеларниот преглед.

Член 9

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Број: 01-** 718/2

**Дата:** 11.05.2021

**ДИРЕКТОР**

**Ekrem Bunjaki**